ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 15 ДАТА 09.07.2018 ГОДИНА 36

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 15 ДАТА 09.07.2018 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 06.07.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје, фудбалерите: Малиќи М. Едис од ФК „Шкупи 1927 АД„ од Скопје, Неделковски В. Филип, Борха Кордоба Л. Александар од Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, поради преминување со регисрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз..

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 09.07.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерот Шопоски Сашо од Градскиот фудбалски клуб „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз..

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Седница од 09.07.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Струга фудбалерот Каланоски Антонио од Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум„ од Струга, поради преминвуање со регистрација на теригорија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 09.07.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Битола фудбалерите: Маркоски Ристе, Драгарски Христијан и Зејноски Исени од Фудбалскиот клуб „Пелистер АД„ од Битола, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 09.07.2018 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденицја на регистрирани при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар, фудбалерите: Адеми Б. Илирид и Ислами А. Вулнет од Фудбалскиот клуб „КФГ Гостивар АД„ од Гостивар и Ќазими Ш. Јамин од Фудбалскиот клуб „Градец„ од с. Градец, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сиојуз.

Одбор за итност

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 1526/2
04. 07. 2018 год.

Врз основа на член 110 став 3 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Светозар Станковски – член, на седницата одржана на 29.06.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

1. Се усвојува календарот за натпреварување за Прва и Втора МФЛ за натпреварувачката 2018/19 година

2. Календарот за натпреварување за Прва и Втора МФЛ за натпреварувачката 2018/19 година да се објави во службениот лист на ФФМ„Макфудбал".

3.Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се даде на потврдување на наредната седница на Управниот одбор.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ„Макфудбал".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Одборот за итност на ФФМ, на седница одржана на ден 29.06.2018 година го разгледа предлог календарот за натпреварување поднесен од страна на Комисијата за натпревари на ФФМ, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
**Илчо Ѓорѓиоски**

Деловоден број 0202-1526/2

Одбор за итност

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 1526/3
05. 07. 2018 год.

Врз основа на член 110 став 3 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Муамед Сејдини -потпретседател и Светозар Станковски – член, на седницата одржана на 29.06.2018 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1.Висината на котизацијата за клубовите од Прва МФЛ останува непроменета и истата изнесува 12000(дванаесет-илјади) евра во денарска противвредност

2. Висината на котизацијата за клубовите од Втора МФЛ-Исток и Втора МФЛ –Запад останува непроменета и истата изнесува 8000(осум-илјади) евра во денарска противвредност

3. Висината на котизацијата за учество во натпреварувањето за млади категории останува непроменета и истата изнесува:

3.1. за Прва супер лига, 2000 (две илјади) евра во денарска противвредност.
3.2 за Втора лига, 1500 (илјада и петсто) евра во денарска противвредност.
3.3 за трета лига на регионално ниво:
- за учество во Регионалните лиги на клубовите кои со сениорските екипи се натпреваруваат во Втора МФЛ - 500 евра во денарска противвредност.
- за учество на останатите клубови во Регионалните лиги - 250 (двеста и педесет) евра во денарска противвредност.

4. Оваа одлука стапува на сила веднаш, а ќе се даде на потврдување на наредната седница на Управниот одбор.

5. Одлуката да се достави до Комисијата за лиценцирање на ФФМ

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ„Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одборот за итност на ФФМ, на седница одржана на ден 29.06.2018 година, во пресрет на новата натпреварувачка сезона и потребата од утврдување на висина на котизација за клубовите кои се натпреваруваат во Прва и Втора МФЛ а со цел непречено одвивање на процесот за лиценцирање на клубовите од Прва и Втора МФЛ , донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1526/3

Управен одбор

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1526/1
25. 07. 2018 год.

Врз основа на член 110 став 3 од Статутот на ФФМ а во врска со спроведување на Пропозициите за натпреварување во млади категории за сезоната 2018/19, Одборот за итност на ФФМ во состав Илчо Ѓорѓиоски –Претседател, Муамед Сејдини – член и Светозар Станковски– член, на седницата одржана на 29.06.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат барањата на дел од фудбалските клубови со сениорски екипи во Втора МФЛ Исток и Втора МФЛ Запад во натпреварувањето во млади категории за сезона 2018/19 да можат да учествуваат и со категориите пионери и помлади пионери.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, истата да се даде на потврдување на првата наредна седница на Управниот одбор на ФФМ.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалските клубови со сениорски екипи во Втора МФЛ Исток и Запад согласно Правилникот за натпреварување и Правилникот за лиценцирање на клубови доставија до ФФМ, пријави за учество на екипи во млади категории. Дел од клубовите доставија пријави за учество во категоријата пионери и помлади пионери.

Одборот за итност на ФФМ на седницата одржана на 29.06.2018 година, согласно Пропозициите за натпреварување во млади категории ги разгледа пријавите на клубовите и донесе одлука истите да ги прифати по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
**Илчо Ѓорѓиоски**

Деловоден број 0202- 1526/7

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**